До

Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје

Известување по точка 22 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка

На ден 2.4.2025 година, Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје донесе одлука со која предложениот кандидат Слаѓан Михајловски беше именуван за независен член на Надзорниот одбор на Банката.

Во согласност со точка 19 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, пред секое именување членови на Надзорниот одбор се врши оцена на соодветност на кандидатите за членови на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор на Банката, на ден 2.4.2025 година, по претходно добиена предлог – оцена за предложениот кандидат од страна на Одборот за именување, врз основа на обезбедената документација, а во согласност со критериумите наведени во точка 18 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, изврши анализа на знаењето и искуството на предложениот кандидат, на репутацијата што ја поседува, на објективноста и на независноста, како поединечно така и заедно со останатите членови на Надзорниот одбор, при што позитивно оцени дека предложениот кандидат ги исполнува соодветните критериуми за остварување на функцијата независен член на Надзорниот одбор во Банката.

Имајќи ја предвид точката 22 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, со која Надзорниот одбор е должен да го извести Собранието на акционери на Банката за резултатите од извршената оцена на соодветноста на кандидатот за член на Надзорниот одбор на Банката, ова известување се доставува до Собранието на акционери на Банката.

Скопје, септември 2025 година